РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-4569/13
14.11.2018 год

Друштво за едукација, тренинг и истражување
АМ ЦЕРТ ДООЕЛ
Бр. 03-1902/1
14.11.2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за набавка на услуга за регистрација на возила во сопственост на Министерство за правда

**Склучен на ден ____________________ помеѓу:**

1.**Министерство за правда на Република Македонија**, со седиште на Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.9 Скопје, ЕДБ 4030990254525 и ЕМБЦ 4065964 претставувано од Заменик Министерот за правда Оливер Ристовски (Во натамошниот текст „Набавува“) од една страна и

**2. Друштво за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул. Борис Трајковски бр.21, Скопје, со матичен број 6128041, даночен број 4030006599959, жиро сметка 250-0010000458-61 и депонент на Шпаркасе Банка Скопје, претставувано од управителот **Драган Илиевски,** (во понатамошниот текст носител на набавката)

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со набавка на услуга за регистрација на возила во сопственост на Министерство за правда, по спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, согласно Одлуката за јавни набавки бр.05-4569/1 од 24.09.2018 и Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.05-4569/10 од 06.11.2018 година.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој договор е Набавка на услуга за **регистрација на возила** во сопственост на Министерство за правда.
Носителот на набвката се обврзува за потребите на договорниот орган да ја изврши услугата предмет на овој договор и истата во целост мора да одговараат на условите дадени во понудата.
Копија од понудата е составен дел на овој договор.

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.
Јазик на целата коресподенција во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вредноста на Договорот, за регистрација на возилата без надоместот за јавни патишта, административна такса и налепница и други давачки, спрема прифатената понуда доставена од носителот на набавката, изнесува

9.235,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 707,79 денари или вкупно 9.942,79 денари со ДДВ.

Извршените услуги над вкупната вредност наведена во став 1 од овој член од Договорот ќе биде на товар на Носителот на набавката.

Единечните цени се утврдени согласно понудата и спроведената електронска аукција како последна фаза од постапката за јавна набавка.

| | Марка на возило | Тип на возило | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Mercedes-Benz | E 220 CDI | парче | 1 | 1.463,55 | 1.463,55 | 88,47 |
| 2 | Mercedes-Benz | S320 CDI | парче | 1 | 1.492,25 | 1.4492,25 | 88,47 |
| 3 | BMW | X3 3.0 Diesel | парче | 1 | 1.477,95 | 1.477,95 | 88,47 |
| 4 | Citroen | L C4 1.4 i | парче | 1 | 906,25 | 906,25 | 88,47 |
| 5 | Peugeot | 1.6 i 307 3 NFU | парче | 1 | 1.196,25 | 1.196,25 | 88,47 |
| 6 | DACIA | Sandero 1.5 dCi | парче | 1 | 886,25 | 886,25 | 88,47 |
| 7 | DACIA | Sandero 1.5 dCi | парче | 1 | 886,25 | 886,25 | 88,47 |
| 8 | DACIA | Duster 1.5 dCi | парче | 1 | 926,25 | 926,25 | 88,47 |
| | Вкупно | | | | 9.235,00 | 9.235,00 | 707,79 |

**ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Договорот се склучува на определено време, за временски период од 12 (дванаесет) месеци од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни.

## ДИНАМИКА НА ИСПОРАКА НА ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го изврши во согласност со барањата од техничката спецификација од тендерската документација во текот на траењето на договорот по укажаната потреба од страна на Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да ја изврши предметната услуга веднаш по доаѓање на возилото односно пристигнување на возилото во станицата за регистрација на возилото во временски период од 12 (дванаесет) месеци од денот на склучување на договорот, а во зависност од потребите на договорниот орган.

## УСЛОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 8**

Носителот на набавката за извршената услуга доставува фактура по извршената услуга, со наведување на следните елементи:

- Назив на Договорниот орган , место седиште, даночен број
- Број и датум на договорот
- Опис и количини на извршената услуга
- Единечни цени утврдени во договорот
- Вкупна цена на фактурата
- Рок на плаќање на фактурата изразен во денови

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 9**

Плаќањето на услугите од Член 1 на овој Договор, договорниот орган ќе го изврши во законски утврдениот рок по доставената фактура во архива при Министерството за правда на адреса на ул: „Димитрие Чуповскибр. Бр.9„ Скопје. , а по извршената услуга предмет на набавката, и тоа по пат на вирманско плаќање на жиро сметка на носителот на набавката за извршената услуга.

## РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

**Член 10**

Во овој договор не се предвидуваат разлики во цени на предметот на набавката од Член 2.

Цените за предметот на набавката се фиксни за цело времетраење на договорот.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 11**

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата предмет на овој договорот на начин и состојба согласно договореното.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 12**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката, по извршување на услугата предмет на набавката во законски утврдениот рок од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

## ВИША СИЛА

**Член 13**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор, до кое би дошло заради Виша сила.

Под Виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Ако една од договорните страни е спречена во исполнување на утврдените обврски од овој Договор, заради Виша сила, должен е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата договорна страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

Неисполнувањето на договорените обврски како последици од делување на виша сила, не се смета за кршење на договорот и не се санкционира согласно Договор.

За регулирање на прашањата околу измена на условите на основниот Договор, поради делување на виша сила, договорните страни ќе склучат анекс на договорот, веднаш по нормализирањето на состојбите.

## ОБЕШТЕТУВАЊА

**Член 14**

Во случај на еднострано раскинување на договорот, странаta која го раскина договорот се обврзува, на другата страна да и ги надомести сите стварни штети, настанати како последица на еднострано раскинување на договорот.

Во случај на раскинување на договорот, поради непочитување на договорот, странаta која го прекршува договорот се обврзува, на другата страна да и ги надомести сите стварни штети, настанати како последица на раскинување на договорот.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 15**

Договорените страни се обврзуваат, меѓусебните спорови да ги решаваат спогодбено, во склад со важечките закони и во духот на овој договор.

**Член 16**

Во случај на судски спор надлежен е Основен суд - Скопје.

## ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 17

Овој договор се смета за склучен, со денот на негово потпишување од двете договорни страни.

Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му ја надомести штетата што ја претрпел поради неисполнување на договорните обврски.

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

### Член 18

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока.

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

| НАБАВУВАЧ | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
| --- | --- |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА** | **АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје** |
| **По овластување на Министер за правда** | |
| **Заменик Министер** | **Управител** |
| **Оливер Ристовски** | **Драган Илиевски** |

АМ ЦЕРТ

Подготвил: Марина Миновска, Советник

Контролирал: Маја Стефковска Панева, раководител на одделение

Лице за превземање на финансиски обврски: Зулќуфли Ајвази , Државен советник